МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ И ИНФОРМАТИКА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ПРОЕКТИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ НА ПОЖАРИ НА РАБОТНО МЕСТО

СТУДЕНТ: БОРЧЕ ПЕНЕВ
БРОЈ НА ИНДЕКС: M225008
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р СЛОБОДАН БУНДАЛЕВСКИ

Битола, 2025

АПСТРАКТ

Безбедноста при работа претставува клучен елемент во организирањето на секоја работна средина, со цел заштита на животот и здравјето на вработените, како и намалување на материјалните штети. Модерните организации се соочуваат со различни ризици, меѓу кои пожарите се меѓу најопасните и најнепредвидливите. Ефикасното справување со пожари бара системски пристап кој ги интегрира техничките мерки, човечкиот фактор и организациските процедури. Проектирањето и управувањето со системи за дојава и автоматско гаснење, пристапот до рачни апарати и хидранти, како и редовните обуки и практични вежби на вработените се клучни елементи за превенција и контрола на пожари. Овие системи овозможуваат навремено откривање на опасноста, ефикасно реагирање и минимизирање на последиците. Трудот ја истакнува потребата од интегриран пристап во безбедноста при работа, комбинирајќи технички, организациски и човечки аспекти, како основа за создавање сигурна и заштитена работна средина.

Клучни зборови: Безбедност при работа, Безбедност од пожар, Системи за дојава на пожар, Автоматски системи за гаснење, Рачни апарати за гаснење, Евакуациони патеки.

ABSTRACT

Occupational safety represents a key element in the organization of any workplace, aiming to protect the life and health of employees, as well as to reduce material damages. Modern organizations face various risks, among which fires are among the most dangerous and unpredictable. Effective fire management requires a systematic approach that integrates technical measures, the human factor, and organizational procedures. The design and management of fire alarm and automatic extinguishing systems, access to portable fire extinguishers and hydrants, as well as regular training and practical exercises for employees, are crucial elements for fire prevention and control. These systems enable timely detection of hazards, efficient response, and minimization of consequences. This study emphasizes the need for an integrated approach to occupational safety, combining technical, organizational, and human aspects as the foundation for creating a safe and protected working environment.

Key Words: Occupational safety, Fire safety, Fire alarm systems, Automatic extinguishing systems, Portable fire extinguishers, Evacuation routes.

СОДРЖИНА

ВОВЕД..... 1

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ 4
1. БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА 4
1.1. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ОД ПОЖАР 5
1.2. ПОСТАПКА ЗА ПРОЦЕНА НА РИЗИК 6
1.3. МЕТОДИ ЗА ПРОЦЕНА НА РИЗИК ОД ПОЖАР 9
1.3.1. Метод на индикатори на ризик 10
1.3.2. Метод на матрица на ризик 11
1.3.3. Алгоритамски метод 13
2. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОЖАРИ И НИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ 14
2.1. ПОЖАРИ И НИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ВО ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ (2019–2023) 14
2.2. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА ЗА ПОЖАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2017 2023) 17
3. СИСТЕМИТЕ ЗА ДОЈАВА НА ПОЖАР 18
3.1. ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДОЈАВА НА ПОЖАР 27
3.1.1. Јавувачи (детектори) на пожар 30
3.1.1.1. Рачни јавувачи на пожар 31
3.1.1.2. Детектори за чад 32
3.1.1.3. Детектори на топлина (температура) 37
3.1.1.4. Детектори на пламен 41
3.1.2. Централа за дојава на пожар 43
4. СТАБИЛНИ СИСТЕМИ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР 45
4.1. СПРИНКЛЕР ИНСТАЛАЦИЈА 46
4.2. ДРЕНЧЕР ИНСТАЛАЦИИ 48
4.2.1. Снабдување со вода на дренчер инсталации 49
4.2.2. Потребна количина на вода за гасење 49
4.2.3. Активирање на дренчер инсталација 49
4.3. СТАБИЛНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР СО ПЕНА 54

4.3.1. Системи со тешка пена 55
4.3.2. Системи со средно тешка пена 57
4.3.3. Системи со лесна пена 57
4.4. СТАБИЛНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР СО ПРАВ 58
4.5. СТАБИЛНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР СО CO_2 60
4.6. СТАБИЛНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР СО ХАЛОН 63
4.7. ПИРОТЕХНИЧКИ ГЕНЕРИРАНИ АЕРОСОЛИ 64
4.8. ИНЕРТНИ ГАСОВИ 66
II. МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ 67
5. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 67
6. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 71
7. КОРИСТЕНИ МЕТОДИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО 73
8. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА 74
III. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ 75
9. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ОДГОВОРИ ОД АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК. 75
10. ДОКАЖУВАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ 86
ЗАКЛУЧОК 92
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 96

Листа на табели

Табела бр.1: Квантификација на веројатноста на настанување и последиците од пожар

Табела бр.2: Број на пожари во европски држави (2019–2023)

Табела бр.3: Број на смртни случаи предизвикани од пожари во европските држави (2019-2023)

Табела бр. 5: Пожари, смртни случаи и повреди во Северна Македонија, 2017-2023 година

Табела бр.6 : Типови на запаливи материи

Табела бр.7 : Класификацијата на пожарите според видот на горливата материја**.**

Табела бр.8: Влијание на висината на таванот врз детекторите.

Табела бр.9: Проблеми при проектирање на систем за дојава на пожар

Табела бр.10: Предности на адресабилните системи во однос на конвенционалните

Табела бр.11: Основни разлики помеѓу јонизациски и оптички детектори.

Табела бр.12. Основни карактеристики на оптичките бариери

Табела бр.13. Поделба на детектори со проектиран зрак

Табела бр.14: Основни карактеристики на аспирациските системи

Табела бр. 15 : Карактеристики на детектори со фиксна температура.

Табела бр.16: Основна поделба на точкасти термички детектори и нивни карактеристики

Табела бр. 17: Основна поделба на детектори на пламен и нивни карактеристики

Листа на слики

Слика 1: Тек на акцискиот план за процена на ризик.

Слика 2: Времето од настанување на пожарот до почетокот на неговото гасење

Слика 3: Основни карактеристики на конвенционалните системи

Слика 4: Приказ на рачни јавувачи на пожар користени во системот за дојава на пожар

Слика 5: Пример на начелото на затемнување на светлината

Слика 6: Начело на расејување на светлината

Слика 7: Приказ на специјалните апликации на оптичките детектори – аспирациски систем

Слика 8: Спринклер систем

Слика 9: Мокар спринклер систем и Сув спринклер систем

Слика 10: Систем со хидраулично активирање

Слика 11: Систем со пневматско активирање

Слика 12: Систем со електричен начин на активирање

Слика 13: Систем со рачно активирање

Слика 14: Приказ на уред за создавање пена кој се наоѓа во противпожарна станица

Слика 15: Автоматски стабилен систем за гасење пожар со лесна пена

Слика 16: Шема на систем за гасење на пожар со CO_2

Слика 17: Стабилен систем со халон 1301 со рачно активирање

Слика 18: Шема на аеросолен генератор

ВОВЕД

Безбедноста при работа претставува една од основните компоненти на секое современо работно опкружување, со особена важност во индустрискиот, производствениот и јавниот сектор. Во глобализираниот свет, каде што технологијата и автоматизацијата се сè повеќе застапени, ризиците од различни несреќи на работното место стануваат се поразновидни и комплексни. Меѓу најзначајните закани по животот и здравјето на вработените се пожарите, кои можат да предизвикаат значителни материјални штети, па дури и човечки жртви. Поради тоа, развојот на системи за превенција, откривање и гасење на пожари е клучен елемент на современата безбедност при работа.

Пожарите на работното место можат да се јават од различни причини, вклучувајќи човечки фактор, технички дефекти, неправилна употреба на опрема или запаливи материјали. Последиците од пожарите се многу сериозни и се протегаат од материјална штета, прекин на работниот процес, до сериозни повреди или загуба на човечки животи. Затоа, правилното проектирање и управување со системите за безбедност при пожар не е само законска обврска, туку и етичка и стратешка потреба за секоја организација.

Проектирањето на системите за безбедност при работа, со посебен акцент на пожарите, вклучува интегриран пристап кон идентификација на ризиците, нивна проценка, избор на соодветни средства за превенција и заштита, како и воспоставување на процедури за ефикасно реагирање во случај на несреќа. Во теоретскиот дел на оваа магистерска работа, се обработени основните концепти на безбедност при работа, методите за проценка на ризик од пожар, како и модерните системи за дојава и автоматско гаснење пожари, вклучувајќи спринклер системи, дренчер инсталации, системи со гасови и пена. Со тоа се обезбедува целовита слика за тоа како се организира и контролира безбедноста на работното место.

Статистичката анализа на пожарите, нивните последици и застапеноста во различни земји е значаен дел од истражувањето, бидејќи овозможува идентификување на трендовите и честите ризици. Во рамки на оваа работа, се разгледани податоци за пожарите во Европските земји во периодот 2019–2023 година, како и конкретни податоци за Република Северна Македонија за периодот 2017–2023 година. Анализата

на овие податоци служи како основа за препораки за подобрување на безбедносните системи, идентификување на најризичните области и подобрување на процедурите за управување со пожар.

Модерните системи за дојава на пожар се составени од повеќе елементи, вклучувајќи детектори на чад, топлина, пламен, рачни јавувачи и централи за дојава. Правилното интегрирање на овие системи овозможува брзо откривање на пожар, известување на персоналот и активирање на системите за гаснење, што значително го намалува ризикот од штети и повреди. Дополнително, стабилните системи за автоматско гаснење, како што се спринклерите, дренчер инсталациите, системите со пена, CO_2, халон или инертни гасови, се клучен дел од современите стратегии за безбедност, особено во објекти со висок ризик.

Целта на оваа магистерска работа е да се проучи актуелната состојба на системите за безбедност при работа во контекст на превенција и заштита од пожари, преку анализирање на информации добиени од анкетен прашалник спроведен меѓу вработените. Анкетата опфаќа аспекти како присуство и функционирање на системите за дојава и гаснење, редовно одржување, обука на вработените, познавање на апаратите за гаснење, пристап до евакуациони патеки и проценка на ризик од пожар. На овој начин се овозможува идентификување на слабостите и силните страни во организациските практики и безбедносните системи, како и подготовка на препораки за нивно унапредување.

Ова истражување има практична вредност, бидејќи резултатите можат да се искористат за подобрување на процедурите за безбедност при работа, за оптимизација на системите за дојава и гаснење пожари, како и за организирање на ефективни обуки за вработените. Истражувањето овозможува и споредба со европските стандарди и најдобри практики, со цел унапредување на безбедноста во домашните компании и институции.

Во контекст на современите барања за безбедност при работа, оваа магистерска работа се обидува да го поврзе теоретскиот пристап со практичните аспекти на организациските и техничките системи за заштита од пожар. Таа го истражува влијанието на системите за превенција и управување со ризикот од пожар врз

безбедноста на вработените и врз функционалноста на објектите, како и степенот на подготвеност на персоналот за ефикасно реагирање во случај на пожар.

Со оглед на комплексноста на современите индустриски и јавни објекти, како и на потребата од висок степен на сигурност и заштита на луѓето и имотот, оваа магистерска работа е насочена кон систематско проучување на процесите, технологиите и практиките за безбедност при работа со посебен акцент на пожарите, со цел обезбедување на научно засновани и практично применливи препораки.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Безбедноста може да се дефинира на повеќе начини. Во секој случај, таа подразбира одредена состојба во која некој може да ги извршува своите функции. Бидејќи загрозеноста е редовна состојба на нештата, безбедноста нужно претпоставува постоење на одредена отпорност кон загрозувањата и заштитеност од нив и од опасностите, како и способност за нивно совладување. Затоа може да се каже дека безбедноста претставува состојба и степен на отпорност кон сè и заштитеност од сите загрозувања и опасности, односно дека безбедноста е состојба во која не доаѓа до нарушување на нормалната состојба на нештата поради различни загрозувања и опасности. Безбедноста е состојба во која е можно нормално одвивање на сите природни и општествени, односно витални и развиени функции, како и одржување и развој на создадените и стекнатите вредности и квалитети. [1]

Заштитата при работа претставува систем на правила, начела, мерки, постапки и активности, со чија организирана примена се остварува и унапредува безбедноста и заштитата на здравјето при работа, со цел спречување на ризици при работа, повреди на работа, професионални заболувања, заболувања поврзани со работата, како и други материјални и нематеријални штети при и во врска со работата. [2]

Со спроведување на заштитата при работа се настојува да се избегнат несреќи, а за да се постигне тоа потребно е познавање на факторите кои доведуваат до несакани настани. Несреќата претставува непосакуван и непредвиден настан кој како последица може да има повреда или материјална штета. Грешките на работникот најчесто произлегуваат кога тој не знае, не може или не сака да работи безбедно. Повредите што ги доживуваат вработените при работа претставуваат товар за поединецот, неговото семејство и општеството, а материјалните загуби дополнително го оптоваруваат производството и економијата.

Професионалните заболувања, за разлика од несреќите, настануваат како последица од штетни дејства во работната средина и може да се јават нагло или

[1] dr.sc. Kacian N.: Osnove sigurnosti, Iproz, Zagreb, 2000

[2] Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија— бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016).

долгорочно, при што влијаат штетни супстанции, прекумерни напори, неприфатливи физиолошки услови и други фактори. Целта на заштитата при работа е секој работник да може безбедно да ја извршува работата, без загрозување на сопствениот или туѓиот живот и здравје, што се постигнува со дефинирање правила на однесување, користење на лични заштитни средства и пропишани процедури за безбедно работење.

Со оглед на тоа дека несреќите при работа и професионалните заболувања можат да бидат предизвикани од различни опасности во работната средина, една од најзначајните закани која се јавува во голем број работни процеси е опасноста од пожар. Пожарот претставува посебна категорија ризик, затоа што во кратко време може да предизвика сериозни последици врз здравјето на вработените, значителни материјални штети и прекин на производниот процес. Токму затоа, во рамките на системот за заштита при работа, од особено значење е проценатa и управувањето со ризикот од пожар.

Ризикот од пожар претставува функција на зачестеноста и последиците. Ризикот од пожар обично се мери според бројот на загинати, како и според материјалните и финансиските загуби.

Проценатa на ризик претставува квантитативна оценка на веројатноста на непожелни настани и на штетата предизвикана од нивното настанување.

Управувањето со ризик претставува идентификација, мерење и контрола на ризикот. Управувањето со ризикот од пожар е процес кој подразбира процена на ризиците што се јавуваат на работното место, преземање соодветни мерки за превентивна и репресивна заштита од пожар.

Контролата на ризикот зависи од приоритетот на ризикот и подразбира воведување мерки со цел намалување на ризикот на прифатливо ниво.

1.1.ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ОД ПОЖАР

Проценката на ризик од пожар претставува идентификација, проценка и управување со ризиците кои произлегуваат од можноста за настанување пожар. Поедноставно кажано, проценката на ризик од пожар е алатка која се користи за идентификација на опасностите и ризиците што произлегуваат од нив.

Проценката на ризик од пожар е организиран и методолошки процес за анализа на активности на работното место кои можат да претставуваат опасност од појава на пожар, веројатноста за настанување пожар и проценка на штетата предизвикана од истиот.

Цели на проценката на ризик од пожар на работното место се:

- Идентификување на опасностите од пожар.
- Намалување на ризикот од утврдените опасности со сведување на евентуалната штета на прифатливо ниво.
- Применување на технички и организациски превентивни и репресивни мерки за заштита од пожар со цел заштита на присутните лица.

Не постои еден сеопфатен начин за проценка на ризик. Со други зборови, првото правило на проценката на ризик е дека нема правило! Процесот на проценка на ризик од пожар е потребно да се спроведува на практичен и систематичен начин.

1.2.ПОСТАПКА ЗА ПРОЦЕНА НА РИЗИК

Постапката за процена на ризик од пожар има ист пристап како и онаа што се користи за процена на безбедноста на работното место и во работната околина. Проценатa мора да го опфати работното место, но и работната околина, вклучувајќи ги и деловите од објектот што ретко се користат, како и локациите на отворено.

Постапката за процена на ризик ја започнува работодавачот со донесување одлука за започнување на постапката за процена на ризик, при што ги определува лицата одговорни за спроведување на постапката. Пред почетокот на проценатa се донесува План за спроведување на проценатa и се вршат соодветни подготовки за нејзино реализирање.

Препознавањето и утврдувањето на опасностите од пожар на работното место се врши врз основа на податоци кои се прибираат од достапната документација, со следење на работниот процес, прибирање на потребни информации од вработените и други извори, како и со класифицирање на прибраните податоци, односно можните опасности на кои тие укажуваат.

Првиот чекор подразбира идентификација на сите опасности од пожар на работното место. Бидејќи потребни и неопходни услови за настанување на пожар се запалива материја, извор на палење и оксидатор, треба да се идентификуваат сите запаливи материи (хартија, дрво, разредувачи, растворувачи, полиуретани итн.), сите извори на палење (отворен пламен, електрична енергија, статички електрицитет, искри итн.) на и околу работното место. Неопходно е да се евидентираат и условите кои придонесуваат за брзо ширење на пожар, како што се неадекватна поделба на објектот на противпожарни сектори, присуство на скали, лифтови, ниска отпорност на елементите на градежната конструкција на дејство од пожар итн.

Вториот чекор подразбира идентификација на бројот на лица кои се изложени на непосреден ризик во случај на пожар и кои се наоѓаат во негова близина. При идентификацијата треба да се разгледаат постојаните локации (работни места) и повремените локации во рамки на објектот. Посебно треба да се обрне внимание на вработени кои работат самостојно и/или во изолирани области, лица со посебни потреби кои не можат брзо да реагираат во случај на пожар, како и посетители кои не се запознаени со патеките за евакуација.



Слика 1: Тек на акцискиот план за процена на ризик.

По идентификацијата на опасностите и загрозените лица од пожар, неопходно е да се изврши процена на ризик. Првата фаза при проценатa на ризик е проценка на ризикот од појава на пожар. Следна фаза е анализа на постојните мерки за превентивна заштита од пожар. Потребно е да се процени, во зависност од големината и комплексноста на работното место, присуството на уреди за дојава на пожар (рачен јавувач, детектори на пожар, сирена, телефон).

Треба да се анализира можноста за напуштање на работното место во најкраток можен рок во случај на пожар. Евакуациските патишта и излези мора постојано да бидат

проодни, јасно обележани и осветлени. Врз основа на проценатa на количината и состојбата на постојните средства, опрема и уреди, како и анализата на опасностите и постојните мерки, се одлучува дали сегашното ниво на заштита е оптимално или треба да се подигне на повисоко ниво.

Тргнувајќи од проценетите ризици, се утврдуваат мерки за нивно отстранување или намалување на најмала можна мера. Една од тие мерки е контролата на количината на запалливи материи и извори на палење во и околу работното место, со што веројатноста за настанување пожар се сведува на прифатливо ниво на ризик.

Конечната процена на ризик треба да утврди категоризација на ризикот, кој традиционално се дефинира како висок, среден или низок. Се разбира, во поголемите производствени погони е сосема нормално да постојат различни категории на ризик за различни работни позиции.

Четвртиот чекор се состои во изготвување записник за забележаните опасности од пожар и преземените мерки за нивно намалување или отстранување. Потребно е да се изготви план за спречување на појава на пожар и безбедна евакуација на луѓето (акционен план) во случај на пожар. Овој чекор подразбира и соодветна обука на вработените во областа на заштита од пожар.

Актот за процена на ризик од пожар е „жива материја“, што значи дека работата не завршува со неговото донесување. Потребно е истиот да се менува секојпат кога ќе се појави нова опасност или кога ќе се промени нивото на ризик од пожар. Во спротивно, на секои три години треба да се изврши ревизија на проценатa на ризик од пожар.

1.3.МЕТОДИ ЗА ПРОЦЕНА НА РИЗИК ОД ПОЖАР

Иако не постои еден „сѐопфатен“ начин за спроведување на процена на ризик, постојат три практични методи кои се применуваат при проценатa на ризик од пожар на работното место. Тоа се:

- Метод на индикатори на ризик,
- Метод на матрица на ризик,
- Алгоритамски метод.

1.3.1. Метод на индикатори на ризик

Методот на индикатори на ризик од пожар е дијагностички метод во кој различните елементи на работното место се класифицираат на начин што покажува дали работното место претставува висок, среден или низок ризик од пожар.

Индикатори на висок ризик се:

- бројот и структурата на лицата загрозени од пожар,
- технолошкиот процес,
- високо ризични материјали,
- структурните карактеристики на градежниот објект.

Основниот принцип на заштита од пожар е спасување на човечки животи. Поради тоа, во категоријата висок ризик од пожар спаѓаат сите објекти каде што постои значителен ризик по животот во случај на пожар, како што се: болници, домови за стари лица, хотели, кина, трговски центри, аеродроми итн.

Во производствените објекти особено се загрозени лицата кои работат во изолирани делови на објектот, како што се подруми, кабловски канали и слично, бидејќи нивните патишта за евакуација се долги и сложени.

Во технолошки процеси со висок ризик од пожар спаѓаат оние каде што се користат експлозивни материи, лесно запалливи течности (бои, лакови, разредувачи, лепила итн.) или гасови, отворен пламен и слично.

Материјали со висок ризик се оние кои, при палење, предизвикуваат брзо ширење на пожарот и создаваат големи количини чад.

Индикатори на висок ризик на структурниот склоп на објектот се:

- ниска отпорност на дејство од пожар,
- постоење на вертикални или хоризонтални отвори преку кои може брзо да се прошири пожарот,
- непостоење на противпожарни врати,
- долги и сложени патишта за евакуација.

Индикатори на среден ризик од пожар

Во принцип, работното место ќе припаѓа на категоријата среден ризик доколку конструкцијата на објектот е изработена од тешко запалливи материјали и има добри патишта за евакуација — без оглед на можноста за присуство на поголем број лица.

Специфични индикатори на среден ризик се:

- пожарот најверојатно ќе биде локализиран или ќе се шири бавно, што овозможува ефикасна евакуација;
- бројот на присутни лица е мал, а распоредот на работните места овозможува брза евакуација од загрозените простории;
- на работното место постои систем за автоматско откривање и дојава на пожар или систем за гаснење пожар.

Присуството на автоматски системи овозможува работни места кои инаку би биле со висок ризик да се класифицираат како работни места со среден ризик.

Индикатори на низок ризик од пожар

- постои минимална опасност за животот и безбедноста на луѓето;
- постои занемарлив ризик од појава на пожар;
- постои ризик од пожар, но ослободувањето на гасовити продукти е занемарливо.

Релативно мал број работни места во рамки на технолошките процеси (без употреба на запалливи материи, „влажни“ технолошки процеси итн.) можат да се сврстат во категоријата на низок ризик.

1.3.2. Метод на матрица на ризик

За разлика од методот на индикатори на ризик, методот на матрица на ризик претставува квантитативен метод за процена на ризик од пожар.

Иако сите ризици се состојат од два елемента — веројатност дека ќе дојде до несакан настан и последица од тој настан — меѓусебните односи помеѓу овие два елемента може значително да се разликуваат. Последиците кои се јавуваат во случај на

пожар се големи — од една страна постои можност за губење на човечки живот, а од друга страна финансиски загуби.

Квантификација на веројатноста и последиците од пожар

Квантификацијата се врши така што најпрво се класифицира веројатноста (опасноста) дека ќе дојде до пожар (V). Опасностите од појава на пожар може да бидат: занемарливи, мали, значајни, големи и многу големи. На овие нивоа на опасност им се доделуваат нумерички вредности од 1 до 5.

Слично на тоа, последиците (P) предизвикани од појава на пожар се квантификуваат како занемарливи, мали, умерени, големи и многу големи, при што им се доделуваат соодветни нумерички вредности.

Табела бр.1: Квантификација на веројатноста на настанување и последиците од пожар

Веројатност на настанување (V)		Последици (P)
Опис	Вредност	Опис
Занемарлива	1	Занемарливи
Мала	2	Мали
Значајна	3	Значајни
Голема	4	Големи
Многу голема	5	Многу големи

Пресметување на ризикот од пожар

Кај овој метод, вкупниот ризик од пожар се дефинира како производ на опасноста (веројатноста дека ќе се појави пожар) и последиците што би ги предизвикал:

Ризик од пожар = Веројатност на настанување на пожар × Последици од пожар

Со доделување на вредности за можниот просторен обем на пожарот и опасностите на кои би биле изложени присутните лица, со примена на формулата се добива број што претставува мерка на вредноста на ризикот.

Големината на вредноста на ризикот станува основа за категоризација на опасноста на работното место.

Кога се применува формулата за факторот на ризик за сите можни комбинации, резултатите може да се прикажат во форма на дводимензионална мрежа, односно матрица на ризик од пожар.

Врз основа на матрицата на ризик од пожар се определува категоријата на ризик: висок, среден или низок ризик од настанување пожар на работното место. Нивото на ризик го одредува степенот на загрозеност на луѓето на работното место и обемот на материјалната штета, како и финансиските загуби поради прекин на производството во случај на појава на пожар.

Последната фаза при примена на овој метод е донесување одлука во која категорија на ризик припаѓа анализираното работно место. Врз основа на матрицата од сликата, се гледа дека работните места со вредности од 1–2 припаѓаат на низок ризик, со вредности од 3–15 на среден ризик, а со вредности од 16–25 на висок ризик од пожар.

1.3.3. Алгоритамски метод

Алгоритамот за проценка на ризик од пожар, прикажан во форма на дијаграм, ги претставува чекорите кои треба да се преземат за да се донесе одлука при решавање на проблемот или при спроведување на процесот на проценка на ризик.

По идентификацијата на запаливите материјали на работното место, се поставува прашањето: дали тие можат да се отстранат? Ако одговорот е ДА, запаливите материјали треба да се отстранат од работното место. Преминувајќи на полето 2, по идентификацијата на најверојатните извори на палење, се поставува прашањето: дали тие можат да се одделат од запаливите материјали? Ако одговорот е ДА, се врши нивно меѓусебно одвојување. Првите два чекора претставуваат циклични петљи, што значи дека постапката се повторува сè додека овие опасности не се сведат на разумно ниво.

Останатите чекори на алгоритмот, со линеарна прогресија, доведуваат до заклучок дали разгледуваното работно место припаѓа на висок, среден или низок ризик од пожар.

2. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОЖАРИ И НИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ

2.1. ПОЖАРИ И НИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ВО ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ (2019–2023)

Во рамки на истражувањето за безбедност при работа, особено во делот што се однесува на пожари како еден од најчестите и најопасни ризици, значајно е да се прикаже статистичка анализа на бројот на пожари, смртните случаи и повредите поврзани со нив. Статистичките податоци претставуваат основа за согледување на обемот на проблемот, фреквенцијата на појава, како и ефикасноста на мерките за заштита кои се применуваат во различни европски држави. Ваквите анализи овозможуваат подобро разбирање на тенденциите и потребата од постојано усовршување на системите за проектирање и управување со безбедноста при работа, со цел превенција и минимизирање на последиците од пожари.

Табела бр.2: Број на пожари во европски држави (2019–2023)[3]

Држава	Население (илјади)	2019	2020	2021	2022	2023	Пожари на 1000 жители
Германија	83,020	217,145	217,145	197,834	229,497	—	2.59
Франција	67,244	316,100	282,800	254,151	286,600	277,100	4.21
Италија	60,317	252,384	242,205	264,664	270,068	—	4.27
Полска	37,766	153,500	128,800	106,466	135,965	99,205	3.3
Бугарија	6,520	42,141	33,693	30,918	35,992	33,974	5.42
Грција	10,788	27,784	31,908	28,894	30,386	28,303	2.73
Србија	6,797	—	—	—	24,557	—	3.61
Хрватска	3,860	14,980	14,452	14,087	15,479	10,414	3.6
Словенија	2,108	—	7,778	7,819	—	—	3.7
Австрија	9,104	43,370	54,701	85,361	64,154	66,354	6.9

[3] CTIF – Center for Fire Statistics. World Fire Statistics Report No. 30, 2025. International Association of Fire and Rescue Services (CTIF), www.ctif.org

Табела 2 ги прикажува вкупните податоци за бројот на пожари во избрани европски држави во периодот од 2019 до 2023 година. Може да се забележи дека најголем број пожари се евидентирани во Франција и Италија, додека најниски вредности се забележуваат во Словенија и Хрватска**.** Податокот за број на пожари на 1000 жители овозможува споредба на ризикот помеѓу државите со различна големина на население. Забележливо е дека Австрија и Бугарија имаат највисока стапка на пожари во однос на бројот на жители, што укажува на потреба од засилени мерки за превенција и контрола. Овие податоци служат како индикатор за општата изложеност на опасност од пожари во работната и урбаната средина.

Табела бр.3: Број на смртни случаи предизвикани од пожари во европските држави (2019-2023)[4]

	Население (во илјади)	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**	**Смртни случаи на 100 пожари**
Германија	83,020	387	388	364	373	–	0.18
Франција	67,244	261	249	277	373	–	0.10
Шпанија	47,486	165	164	204	235	–	0.15
Полска	37,766	508	488	516	508	482	0.40
Бугарија	6,520	134	130	184	156	113	0.41
Грција	10,788	21	69	63	72	–	0.19
Србија	6,787	–	–	–	102	–	0.42
Хрватска	3,860	30	30	31	34	21	0.21
Словенија	2,108	13	8	0	–	–	0.09
Австрија	9,104	–	41	51	49	60	0.08

Втората табела ги претставува податоците за бројот на смртни случаи предизвикани од пожари. Од анализата се гледа дека највисок број на смртни случаи се

[4] CTIF – Center for Fire Statistics. World Fire Statistics Report No. 30, 2025. International Association of Fire and Rescue Services (CTIF), www.ctif.org

евидентирани во Полска и Германија**,** додека најниски вредности се забележуваат во Словенија и Австрија. Индикаторот „смртни случаи на 100 пожари“ покажува колкав е степенот на опасност и ефикасноста на системите за евакуација и противпожарна заштита. Државите со пониски вредности на овој показател имаат поразвиени системи за рано предупредување, подобра опрема и обученост на персоналот. Оваа табела ја нагласува потребата од континуирана обука на работниците и инвестирање во безбедносна инфраструктура, бидејќи секој пожар што резултира со човечки жртви претставува сериозен пропуст во системот за заштита.

Табела бр.4: Број на повредени од пожари во европските држави (2019 - 2023)[5]

	Население (во илјади)	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**	**Повредени на 100 илјади жители**
Романија	19,053	–	681	681	–	–	3.57
Франција	67,244	1,289	24,798	13,905	1,398	–	15.39
Белгија	11,697	-	1,247	1,573	1,426	395	9.92
Полска	37,766	3,782	2,838	2,444	3,237	–	8.14
Бугарија	6,520	293	–	–	290	–	4.47
Грција	10,788	36	44	44	95	–	0.51
Словачка	5,042	343	240	191	–	–	5.12
Хрватска	3,860	166	131	127	158	166	3.38
Словенија	2,108	209	155	33	–	–	6.28
Чешка	10,827	1,388	1,250	1,221	1,552	1,410	12.60

Четвртата табела ги прикажува податоците за бројот на повредени лица во пожари. Најголем број повредени се забележува во Франција и Полска, што може да се поврзе со големиот број на пожари, но и со густината на населението и индустриската активност. Во некои држави, како Грција и Хрватска, бројот на повредени е релативно низок, што може да укажува на подобра превентивна организација или на подобри

[5] CTIF – Center for Fire Statistics. World Fire Statistics Report No. 30, 2025. International Association of Fire and Rescue Services (CTIF), www.ctif.org

системи за контрола на пожарите. Индикаторот „повредени на 100 илјади жители“ овозможува споредбена анализа помеѓу државите и укажува на степенот на заштита на населението и работниците во случај на пожари. Овие податоци јасно ја потенцираат важноста од навремено откривање на пожарот, брза интервенција и адекватна опрема**,** како дел од ефективниот систем за безбедност при работа.

Преку прикажаните податоци може да се заклучи дека бројот на пожари и нивните последици значително варираат меѓу европските држави, што е резултат на различното ниво на развиеност на системите за управување со безбедност, технолошката опременост и примената на превентивни мерки. Овие статистички показатели претставуваат основа за планирање и проектирање на современи системи за безбедност при работа, кои имаат за цел да го намалат бројот на пожари, повредите и смртните случаи поврзани со нив.

2.2.СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА ЗА ПОЖАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2017 2023)

Табела бр. 5: Пожари, смртни случаи и повреди во Северна Македонија, 2017-2023 година[6]

Година	Вкупно пожари	Повреди (бр.)	Смртни случаи
2017	1.447	11	10
2018	928	7	16
2019	1.651	7	10
2020	987	6	16
2021	1.704	9	24
2022	1.22	-	6
2023	2.375	-	5

Анализата на податоците за пожари во последните седум години покажува значителни варијации во бројот на инциденти, смртни случаи и повреди. Во 2017 година се регистрирани 1.447 пожари, кои резултирале со 10 смртни случаи и 11 повредени. Во 2018 година бројот на пожари се намалил на 928, но бројот на смртни случаи пораснал на 16, додека повредите изнесувале 7. Годината 2019 бележи повторен раст на пожарите

[6] Годишни извештај на Министерството за внатрешни работи – 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022, 2023 година.

на 1.651, со 10 смртни случаи и 7 повредени. Во 2020 година имало 987 пожари, при што биле регистрирани 16 смртни случаи и 6 повредени.

Најголем број на смртни случаи е забележан во 2021 година, кога од вкупно 1.704 пожари, 24 лица загинале, од кои 14 случаи биле поврзани со инциденти во модуларната болница. Во истата година биле регистрирани и 9 повреди. Во 2022 година бројот на пожари изнесувал 1.220, со 6 смртни случаи, додека податоците за повреди не се достапни. Во 2023 година се забележува значителен пораст на бројот на пожари на 2.375, со 5 смртни случаи, додека информации за повредени лица не се пријавени.

3. СИСТЕМИТЕ ЗА ДОЈАВА НА ПОЖАР

Пожарот претставува една од најголемите опасности – како за човечкиот живот, така и за разни градби и околината во која може да се појави. Заштитата од пожар, како целосен концепт, опфаќа различни анализи на пожарите, нивните тесно поврзани придружни ефекти, истражување, развој, производство, тестирање и примена на пропишани и целосни системи за заштита.

Системот за дојава на пожар, или често нарекуван пожарно-дојавен систем, претставува електронски модел на надзор кој вклучува централа за дојава на пожар, интелигентни контролери и различни модули кои самостојно ги „скенираат“ околностите во заштитените објекти. Ваквиот целосен систем е способен да извршува различни функции, како што се: сигнализација при пораст на температурата, откривање состојба на пожар, како и – според проценка – автоматско отворање или затворање на врати, прозорци, лифтови и слично.

Во речиси секоја работа, главен дел за успешно проектирање и изведување на сите однапред замислени планови е разбирањето на основните појави. Во случајот со системите за дојава на пожар, тоа се однесува директно на физичките процеси. Односно, лицето што се занимава со системи за дојава на пожар и нивно проектирање мора да биде добро запознаено со процесот на горење како хемиска реакција, нејзината оксидација, брзината на одвивање и формите во кои може да се појави.

Запаливата материја претставува материја што гори и може да биде присутна во сите агрегатни состојби. Запаливата материја може да биде со пламен, кога кислородот се спојува со слободните радикали H и OH, и жарење, кога гори чист јаглерод. Горливата материја е материја со органско или неорганско потекло која, во услови на оксидација, создава топлина.[7]

Табела бр.6 : Типови на запаливи материи

Запаливи материи		
Тврди запаливи материи	Течни запаливи материи	Гасови
Дрво, пластика, хартија, текстил, памук и сл.	Бензин, алкохол, масло, нафта, бои, лакови и сл.	Природен плин (метан), бутан, пропан, јаглероден монооксид и сл.

Треба да се напомене дека, колку е материјалот поситен, толку побрзо гори. Исто така, течните материи горат во одредени односи со воздухот (кислородот) и имаат горна и долна граница на запалливост**.** Гасовитите материи, пак, горат во одреден однос со воздухот и имаат горна и долна граница на експлозивност.

За процесот на настанување горење, мора да бидат исполнети три услови:

1. Запалива материја (цврста, течна или гасовита)
2. Кислород (воздух)
3. Топлина (температура на палење)[8]

Наједноставно кажано, горливи материи се оние кои ќе горат доколку се исполнат и останатите два услови. Од хемиски аспект, горењето е оксидација, но не секоја оксидација претставува горење. Многу е важно да се направи разлика помеѓу корозија и горење во случаите на оксидација. Горењето е моментална оксидација, како кај експлозиите, и се мери во десетинки или стотинки од секунда.

Први услов за горење претставува горлива материја, која под нормални услови, односно при соодветна температура на палење и доволна количина кислород, ќе се

[7] https://www.aurel.hr/download/documents/read/projektiranje-vatrodojave
[8] Bukovski, Ž. S., Zaštita od požara – Priručnik za osposobljavanje zaposlenih i pučanstva za provedbu preventivnih mjera zaštite od požara, ZIRS Zavod za istraživanje i razvoj sigurnosti, Zagreb, 2019.

запали и ќе продолжи да гори. Според Јукиќ, Немет и Држаиќ: „Кај гасовите нема сили што ги задржуваат молекулите на гасот заедно, туку тие се шират во сите насоки и се распоредуваат низ целиот достапен простор, мешајќи се со молекулите на кислородот. Кога ќе се исполнат условите на топлина и температура на палење, гасот – во зависност од концентрацијата – се запалува или експлодира. Ако гасот контролирано излегува и веднаш по излегувањето во отворен простор дојде во контакт со извор на палење, ќе гори рамномерно и контролирано (на пример, кај гасен шпорет, пламеник или уред за заварување). Меѓутоа, доколку поради различни причини поголема количина гас излезе во слободен простор и во комбинација со воздухот дојде во контакт со извор на палење, ќе дојде до моментално согорување, односно експлозија, во моментот кога концентрацијата на гасот ќе ја достигне долната граница на експлозивност за тој вид гас.“[9] Добро е познато дека течностите не можат директно да горат, бидејќи во нивната внатрешност не се исполнети сите три услови на таканаречениот „пожарен триаголник“. Сепак, горат пареите на запаливите течности. Не сите течности ќе се запалат со иста брзина – тоа пред сè зависи од брзината на испарување, односно од нивната испарливост.

Додека гасовите и течностите имаат многу сличен тек на согорување, цврстите материи се делат според начинот на согорување на три категории:

- Цврсти материи што горат директно спојувајќи се со кислород, на пример сулфур.
- Цврсти материи кои со загревање најпрво се топат, потоа преминуваат во течна состојба, испаруваат и кога ќе станат гасовити, се спојуваат со кислородот и на тој начин доаѓа до процес на горење.
- Цврсти материи кои при покачени температури најпрво се сушат, потоа од нив се ослободуваат гасовити состојки кои горат со појава на пламен, додека цврстиот остаток гори во форма на жар. Оваа категорија е воедно и најбројна.

Вториот клучен услов за горење е кислородот – гас без боја, вкус и мирис. Во атмосферскиот воздух, процентот на кислород по волумен изнесува околу 21%**,** а може да се јави и во врзана форма во различни соединенија (вода, оксиди итн.). Кислородот

[9] Jukić, P., Nemet, Z., Držaić, J., Zaštita od požara – Priručnik za osposobljavanje, Otvoreno sveučilište s.p.o., Zagreb, 1996.

лесно се спојува со други материи, не гори сам по себе, но овозможува и поттикнува горење.

Ако сите три услови на пожарниот триаголник се исполнети, но сепак не доаѓа до горење, тоа значи дека нема доволно кислород. Ако нивото на кислород во затворен простор се намали под 15%, во повеќето случаи гасне горењето (затоа што кислородот се троши при процесот на горење). Секако, за некои материи доволни се и 10% кислород за горење, а за некои дури и помалку.

Третиот услов за горење е топлината, односно температурата на палење. Според Буковски : „За да започне процесот на горење, горливата материја треба да се загрее до температурата на топење. Најчесто станува збор за топлинска енергија, но понекогаш еден вид енергија се претвора во друг – на пример, електрична во топлинска. Температурата на палење се разликува кај различни материи, а дури и кај истата материја не е секогаш иста. На пример, дрво со помалку влага и со поситна структура полесно ќе се запали и обратно.“[10]

Во продолжение следува табела 7, која ја прикажува класификацијата на пожарите според видот на горливата материја**.**

Табела бр.7 : Класификацијата на пожарите според видот на горливата материја**.**

Класа	Тип на пожар	Примери
Истражувањето се заснова на квантитативен пристап, при што анкетата претставува основен метод за прибирање податоци од поголем број испитаници од различни работни места. Овој пристап овозможува да се добие пообјективна слика за состојбата на пожарната безбедност, како и за перцепцијата и знаењето на вработените.

За обработка на податоците се применети следниве методи:

- Метод на дескриптивна анализа – добиените одговори се систематизираат во табели и се дава опис на секоја категорија.
- Метод на споредбена анализа – се споредуваат одговорите меѓу различни групи (на пример, вработени со и без обука, со и без инсталирани системи) за да се идентификуваат можни разлики.
- Текстуално тестирање на хипотези – хипотезите се анализираат преку логичка обработка на одговорите, со цел да се утврди дали резултатите го поддржуваат или побиваат она што е наведено во главната хипотеза и подхипотезите.

Со ваквата структура и методолошки пристап, истражувањето овозможува целосен увид во техничките и човечките аспекти на пожарната безбедност на работните места. Притоа се обезбедува јасен и фокусиран пристап, кој овозможува објективна анализа и точна проверка на поставените хипотези.

8. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

Главна хипотеза: Подготвеноста на работните места за справување со пожари зависи од интегрираната примена на техничките системи, пристапноста и одржувањето на опремата, како и од степенот на обука и свесност на вработените.

Подхипотеза 1: Работните места кои располагаат со инсталирани и редовно одржувани системи за дојава и автоматско гаснење имаат повисоко ниво на техничка подготвеност за справување со пожари.

Подхипотеза 2: Лесниот пристап до портативни апарати за гаснење и хидранти и нивната јасна обележаност влијаат врз сигурноста и самодовербата на вработените при справување со пожари.


Подхипотеза 3: Редовните формални обуки и практични вежби за пожарна безбедност ја зголемуваат подготвеноста и свесноста на вработените за справување со пожари.

III. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

9. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ОДГОВОРИ ОД АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК

Табела 1 – Прашање бр.1: Дали е инсталиран систем за дојава/алармирање?	
Одговор	**Број**

Да	33
Не	28
Не знам	34



Според резултатите, може да се забележи дека вработените имаат различни сознанија за тоа дали во нивната компанија е инсталиран систем за дојава на пожар. Интересно е што најголем дел од испитаниците одговориле „Не знам“, што укажува дека системи можеби постојат, но вработените не се доволно запознаени со нивното постоење, локација или начин на работа. Ова може да значи дека организациите не ги информираат доволно своите вработени за важни безбедносни елементи, или пак дека системите не се јасно видливи и не привлекуваат внимание. Само една третина потврдиле дека има систем, што сугерира дека не сите работни простори се опремени или дека опремата не е функционирано претставена. Високиот број на одговори „Не“ укажува дека дел од работодавачите можеби воопшто немаат инвестирано во вакви системи, што е сериозен ризик за пожарна безбедност.

Табела 2 – Прашање бр.2: Дали системот за дојава е редовно тестиран/одржуван?	
Одговор	**Број**
Да, редовно	22
Понекогаш	11
Никогаш	5


Не знам	57



Одговорите покажуваат дека голем број од вработените (57 лица) не знаат дали системот редовно се проверува, што е јасен знак дека тестирањето, доколку се врши, не е транспарентно или не се спроведува на начин што ќе биде забележлив за вработените. Недоволната информираност може да создаде лажно чувство на сигурност и да доведе до паника во реална ситуација. Само мал дел одговориле дека системите редовно се тестваат, што е многу ниско ниво на одржување за една ваква критична опрема. Ова укажува на можни организациски слабости, недостиг на буџет, или занемарување на законските обврски. Одреден број лица одговориле дека никогаш не се тестиран, што дополнително го засилува впечатокот дека пожарната безбедност не е приоритет во дел од компаниите.

Табела 3 – Прашање бр.3: Дали имате системи за автоматско гаснење?	
Одговор	**Број**
Да	29
Не	39


Не знам	27



Резултатите укажуваат дека системите за автоматско гаснење не се многу чести. Значаен број испитаници одговориле „Не“, што значи дека многу работни средини немаат напредни системи за реакција на пожар. Она што исто така загрижува е високиот број на лица кои одговориле „Не знам“. Ова значи дека автоматските системи или не постојат, или се поставени така што не се видливи за работниците. Можно е и дека организациите не прават доволно напори да ги информираат вработените за тоа каква противпожарна опрема постои. Иако има група која потврдила дека такви системи има, тие не се доминантни. Ова укажува дека повеќето компании се потпираат на основни средства, наместо на модерни автоматизирани решенија кои реагираат побрзо и поефикасно.

Табела 4 – Прашање бр.4: Пристап до рачни апарати / хидранти?	
Одговор	**Број**
Да, лесно достапни и јасно обележани	29


Да, но не се лесно достапни / не се јасно обележани	36
Не	30



Одговорите покажуваат дека рачните апарати за гаснење и хидрантите генерално постојат, но нивната достапност и обележаност се проблем. Најголемиот број одговори доаѓаат од лица кои велат дека опремата не е доволно лесно достапна или не е јасно обележана. Ова е значајно, бидејќи во ситуација на пожар секоја секунда е критична и недостапната опрема може да значи поголема штета или повреда. Забележливо е дека релативно мал дел работат во компании каде опремата е идеално поставена и обележана. Дополнително, постои група која целосно нема пристап, што укажува на сериозни пропусти во системот на безбедност. Ова говори дека, иако компаниите инвестираат во опрема, често не водат доволно грижа за нејзината поставеност и достапност.

Табела 5 – Прашање бр.5: Редовно одржување на опремата за гаснење?	
Одговор	**Број**
Да, редовно	26

Понекогаш	33
Никогаш	15
Не знам	21



Одговорите се прилично разновидни, но оној што најмногу се истакнува е „Понекогаш“, што укажува дека одржувањето не се спроведува систематски и по распоред. Големиот број вработени кои не знаат дали опремата се одржува покажува дека информациите не стигнуваат до нив или дека одржувањето се прави само формално. Мал број ја потврдиле редовноста, што значи дека само дел од организациите навистина ги исполнуваат законските процедури. Нередовното одржување може да доведе до нефункционална опрема во критичен момент, што претставува сериозна закана за безбедноста на работниците и објектите. Ова укажува на потреба од подобри интерни процедури и зголемена контрола.

Табела 6 – Прашање бр.6: Обука последните 2 години?	
Одговор	**Број**


Да — практична + теоретска	17
Да — само практична	38
Да — само теоретска	16
Не	24



Резултатите покажуваат дека обуките постојат, но нивниот формат значително варира. Најмногу испитаници имале само практична обука, што е добро, но покажува дека компаниите повеќе се фокусираат на кратки демонстрации отколку на сеопфатни програми. Комбинираната обука, која е најквалитетна, ја имале најмал број испитаници. Интересно е што има и лица со само теоретска обука, што може да значи дека некои компании ги третираат обуките повеќе како формалност. Присуството на лица без никаква обука е загрижувачко бидејќи покажува дека дел од работодавачите не ги исполнуваат законските обврски. Ова сугерира нееднаквост во пристапот кон безбедност меѓу различни организации.


Табела 7 – Прашање бр.7: Практична вежба за евакуација/апарат?

Одговор	Број
Да, учествував/ме	67
Не, немав/ме практична вежба	24
Не знам / Не се сеќавам	4



Поголемиот број испитаници (67) учествувале во практична вежба, што е позитивен резултат и укажува дека дел од компаниите сериозно ја сфаќаат пожарната безбедност. Сепак, постојат и организации кои воопшто не организираат вакви вежби. Вежбите се клучни за навремена и правилна реакција во случај на пожар, и нивното отсуство може да доведе до хаос во критични ситуации. Мал дел одговориле дека не се сеќаваат, што покажува дека вежбите, доколку се одржани, можеби не биле доволно добро организирани или не оставиле силен впечаток. Ова укажува дека континуираните и реалистични практични вежби се неопходни.

Табела 8 – Прашање бр.8: Самодоверба во случај на пожар (Скала 1–5)	
Одговор	**Број**
1 — Воопшто не сум сигурен/а	5
2 — Малку сум сигурен/а	11
3 — Делумно сум сигурен/а	31
4 — Прилично сум сигурен/а	29
5 — Многу сум сигурен/а	19



Одговорите покажуваат умерено ниво на самодоверба кај вработените. Најзначаен дел се на средината (3 и 4), што значи дека луѓето имаат основни познавања, но чувствуваат дека не се целосно подготвени. Само 19 лица се многу сигурни, што е релативно мал број, а причината најверојатно е недоволно практична обука или ретко користење на опремата. Од друга страна, има и лица кои воопшто не се сигурни, што може да биде последица на недостиг на информации, обуки или страв од опремата. Ова укажува дека би било корисно да се организираат дополнителни тренинзи за да се зголеми самодовербата и способноста за реакција.

Табела 9 – Прашање бр.9: Патеките за евакуација	
Одговор	**Број**
Да, целосно јасно и слободно	49
Делумно	23
Не	14
Не знам	9



Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека патеките за евакуација се јасно означени и слободни, што е позитивен показател. Сепак, не треба да се занемари бројот на оние кои велат дека патеките се само делумно слободни или воопшто не се. Ова укажува на тоа дека дел од компаниите не внимаваат доволно на правилното одржување на евакуациските рути, кои не треба да бидат блокирани во ниту еден момент. Вработените кои одговориле „Не знам“ можеби не ги користат честопати овие делови од објектот или не се доволно информирани. Ова покажува дека иако ситуацијата генерално е добра, има простор за подобрување во делот на визуелноста и редовната инспекција на излезите.

Табела 10 – Прашање бр.10: Процена на ризик	
Одговор	**Број**
Да, постои и сум запознаен/а	16
Да, постои но не сум запознаен/а	23
Не	7
Не знам	49



Резултатите за ова прашање се најзагрижувачки, бидејќи најголемиот дел од испитаниците не знаат дали нивната организација има изготвено процена на ризик од пожар. Ова значи дека работодавачите или не ја споделуваат оваа информација со вработените, или не ја истакнуваат доволно во работната средина. Мал број испитаници се навистина запознаени со документот, што покажува дека само одредени компании ја посветуваат потребната грижа на оваа законска обврска. Оние кои одговориле „Не“ дополнително укажуваат дека дел од организациите можеби воопшто немаат процена, што претставува сериозен пропуст. Овој резултат сугерира потреба од транспарентност, редовни обуки и поголема вклученост на вработените во процесот на безбедност.

10.ДОКАЖУВАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ

- **Тестирање на подхипотеза 1**

Подхипотеза 1: *Работните места кои располагаат со инсталирани и редовно одржувани системи за дојава и автоматско гаснење имаат повисоко ниво на техничка подготвеност за справување со пожари.*

За тестирање на оваа подхипотеза беа анализирани одговорите на прашањата поврзани со постоењето, одржувањето и функционалноста на системите за дојава и опремата за автоматско гаснење.

Прашање бр.1 – Дали е инсталиран систем за дојава/алармирање?

Одговорите покажуваат дека 33 испитаници одговориле „Да“, 28 „Не“, а 34 „Не знам“. Ова укажува на тоа дека помалку од половина од вработените се сигурни дека нивното работно место располага со инсталиран систем за дојава, што укажува на значителен јаз во информираноста за техничката подготвеност.

Прашање бр. 2 – Дали системот за дојава е редовно тестиран/одржуван?

Само 22 испитаници потврдиле дека системот се одржува редовно, 11 одговориле „Понекогаш“, додека 5 тврдат „Никогаш“, а 57 испитаници не знаат. Ова покажува дека поголем дел од работните места немаат сигурна практика за редовно одржување на системот, што сериозно го намалува нивото на техничка подготвеност.

Прашање бр. 3 – Дали имате системи за автоматско гаснење?

Одговорите покажуваат дека 29 испитаници имаат системи за автоматско гаснење, 39 немаат, а 27 не се сигурни. Ова дополнително ја потврдува ограничената достапност на клучните технички системи на работните места.

Прашање бр. 5 – Редовно одржување на опремата за гаснење?

Само 26 испитаници потврдиле дека опремата се одржува редовно, 33 „Понекогаш“, 15 „Никогаш“, а 21 „Не знам“. Иако дел од организациите имаат некаков режим на одржување, голем број испитаници не се сигурни или не се спроведува редовно, што укажува на сериозни пропусти во одржувањето на системите.

Податоците покажуваат дека постоењето на системи за дојава и автоматско гаснење е ограничено, а редовното одржување и тестирање на опремата не се конзистентни во сите работни места. Голем дел од вработените не се сигурни за постоењето или исправноста на системите, што укажува на слабости во техничката подготвеност.

Со оглед на овие податоци, **подхипотезата 1 не се потврдува во целост**, бидејќи мнозинството работни места не располагаат со целосно инсталирани и редовно одржувани системи за дојава и автоматско гаснење. Иако одреден број работни места имаат делумни или функционални системи, недостатокот на редовно одржување и ниската информираност на вработените го намалуваат нивото на техничка подготвеност за справување со пожари.

Ова укажува на потребата од:

- зголемена инсталација на системи за дојава и автоматско гаснење;
- воспоставување редовен режим на тестирање и одржување;
- подобрување на информираноста на вработените за постоењето и функционалноста на системите.
- **Тестирање на подхипотеза 2**

Подхипотеза 2: *Лесниот пристап до портативни апарати за гаснење и хидранти и нивната јасна обележаност влијаат врз сигурноста и самодовербата на вработените при справување со пожари.*

За тестирање на оваа подхипотеза беа користени одговорите на прашањата кои го мерат пристапот до рачната опрема, самодовербата на вработените и јасноста на евакуационите патеки.

Прашање бр.4 – Пристап до рачни апарати / хидранти

Одговорите покажуваат дека 29 испитаници имаат лесен и јасно обележан пристап, 36 одговориле дека опремата постои, но не е лесно достапна или јасно обележана, а 30 испитаници тврдат дека немаат пристап. Овие податоци укажуваат дека поголем дел од вработените имаат делумен пристап до опремата, но јасноста и достапноста не се оптимални.

Прашање бр.8 – Самодоверба во случај на пожар

Од 95 испитаници, 5 се воопшто несигурни, 11 се малку сигурни, 31 се делумно сигурни, 29 се прилично сигурни, а 19 се многу сигурни. Ова покажува дека самодовербата на вработените е умерено висока, но постои значителен процент кој има само делумна или ограничена сигурност, што укажува на влијание на пристапот и обележаноста на опремата.

Прашање бр.9 – Патеките за евакуација

49 испитаници сметаат дека патеките се целосно јасни и слободни, 23 оцениле дека се делумно јасни, 14 дека не се јасни, а 9 не знаат. Овие резултати покажуваат дека јасноста и слободниот пристап до евакуационите патеки е во голема мера присутен, но не целосно, што исто така може да влијае на самодовербата на вработените.

Податоците укажуваат дека постојат значајни варијации во пристапноста и обележаноста на портативните апарати и хидрантите. Иако дел од вработените имаат лесен пристап и ја перципираат опремата како јасно обележана, поголем дел од испитаниците не се сигурни или оценуваат дека опремата не е оптимално поставена.

Сепак, самодовербата на вработените е умерено висока, со многу испитаници кои се „прилично“ или „многу“ сигурни во својата способност да реагираат. Ова укажува на позитивна врска помеѓу достапноста на опремата и самодовербата, но недостатокот на униформност во поставеноста на апаратите и јасноста на патеките создава потенцијални ризици.

Подхипотезата 2 се делумно потврдува. Лесниот пристап и јасната обележаност на апаратите за гаснење и хидрантите влијаат врз самодовербата на вработените, но постојат значителни случаи каде пристапот или обележаноста не се оптимални, што ја намалува целокупната ефективност на техничките мерки и чувството на сигурност.

Ова укажува на потребата од:

- Зголемување на бројот на јасно обележани и лесно достапни апарати и хидранти.
- Обука на вработените за брзо идентификување и користење на опремата.
- Редовна контрола на патеките за евакуација и нивно јасно обележување.

- **Тестирање на подхипотеза 3**

Подхипотеза 3: *Редовните формални обуки и практични вежби за пожарна безбедност ја зголемуваат подготвеноста и свесноста на вработените за справување со пожари.*

За тестирање на оваа подхипотеза беа користени одговорите на прашањата поврзани со учеството во обуки и практични вежби, како и информираноста за формалната проценка на ризик од пожар.

Прашање бр.6 – Обука последните 2 години

Од 95 испитаници, 17 имале комбинирана практична и теоретска обука, 38 само практична, 16 само теоретска, а 24 не имале никаква обука. Овие податоци покажуваат дека голем дел од вработените имале некаква форма на обука, но само мала група имала комплетна обука со двата компоненти.

Прашање бр.7 – Практична вежба за евакуација или употреба на апарат

67 испитаници потврдиле дека учествувале во практична вежба, 24 немале практична вежба, а 4 не се сеќаваат. Ова укажува дека практичните вежби се спроведуваат во голема мера, што придонесува кон поголема подготвеност и свесност за реакција во случај на пожар.

Прашање бр.10 – Процена на ризик

Само 16 испитаници се запознаени со резултатите од формалната проценка на ризик, 23 знаат дека постои но не се запознаени со заклучоците, 7 тврдат дека не постои, а 49 не знаат. Ова покажува дека информираноста за формалната проценка на ризик е ограничена, што може да ја намали ефективноста на обуките доколку вработените не ја знаат реалната состојба на ризик.

Податоците покажуваат дека обуките и практичните вежби се спроведуваат во значителен дел од организациите, со голем број испитаници кои учествувале во практични активности. Ова директно придонесува кон зголемена подготвеност и свесност за справување со пожари.

Сепак, постои проблем со информираноста за формалната проценка на ризик, бидејќи многу вработени не се запознаени со заклучоците. Ова укажува дека и покрај обуките, целокупната свесност за потенцијалните ризици може да биде ограничена.

Подхипотезата 3 се потврдува. Редовните обуки и практичните вежби значително ја зголемуваат подготвеноста на вработените, но е потребно и дополнително информирање за формалните проценки на ризик за да се постигне целосна свесност и ефикасна реакција при пожар.

Ова укажува на потребата од:

- Обуките да се комбинираат со практични и теоретски компоненти за максимален ефект.
- Сите вработени да бидат запознаени со резултатите од формалните проценки на ризик.
- Воведување редовни освежувачки обуки и вежби за да се одржи високото ниво на подготвеност.

Главна хипотеза: *Подготвеноста на работните места за справување со пожари зависи од интегрираната примена на техничките системи, пристапноста и одржувањето на опремата, како и од степенот на обука и свесност на вработените.*

За тестирање на главната хипотеза беа разгледани резултатите од трите подхипотези:

Подхипотеза 1:

- Резултатите покажаа дека постоењето и редовното одржување на системите за дојава и автоматско гаснење е ограничено, а многу вработени не се сигурни за нивната функционалност.
- Ова укажува на пропусти во техничката подготвеност и недостаток на конзистентна примена на системите, што директно влијае врз целокупното ниво на подготвеност.

Подхипотеза 2:

- Податоците покажуваат дека иако дел од вработените имаат лесен пристап и јасно обележани апарати, голем дел од испитаниците оцениле дека опремата не е оптимално поставена.
- Самодовербата на вработените е умерено висока, што укажува на позитивна врска помеѓу пристапноста на опремата и сигурноста, но присутните ограничувања укажуваат на потреба од подобрување на организациските мерки.

Подхипотеза 3:

- Резултатите покажуваат дека голем дел од вработените учествувале во практични вежби и обуки, што ја зголемува нивната подготвеност.
- Меѓутоа, постои ограничена информираност за формалната проценка на ризик, што значи дека свесноста не е целосна и може да ја намали ефективноста на обуките.

Заклучок: Интегрираната анализа на трите подхипотези покажува дека главната хипотеза се **потврдува делумно**. Подготвеноста на работните места зависи од техничките системи, пристапот и одржувањето на опремата, како и од обуката и свесноста на вработените, но резултатите укажуваат на значителни слабости:

- Многу работни места немаат целосно инсталирани и редовно одржувани системи за дојава и автоматско гаснење.
- Дел од опремата за гаснење не е лесно достапна или јасно обележана.
- Иако обуките и практичните вежби се спроведуваат, информираноста за формалната проценка на ризик е ограничена.

Овие недостатоци укажуваат дека, иако интеграцијата на техничките мерки и човечкиот фактор влијае врз подготвеноста, целокупната ефективност не е максимална. Со други зборови, главната хипотеза се потврдува само кога сите компоненти (технички системи, пристап и одржување на опремата, обука и свесност) се применуваат конзистентно и систематски.

ЗАКЛУЧОК

Безбедноста при работа претставува еден од клучните аспекти на организирањето на секоја работна средина, без разлика на типот на дејноста или големината на организацијата. Станува збор за комплексен систем на мерки и правила кои имаат за цел да го заштитат здравјето и животот на вработените, да ги намалат ризиците од повреди и материјални штети и да обезбедат ефикасно функционирање на организацијата.

Општо земено, безбедноста при работа се темели на неколку основни елементи: идентификација и проценка на ризиците, технички мерки за заштита, човечки фактор (знаење, обука и свесност), и континуирана контрола и мониторинг. Присутноста на адекватна безбедносна култура и воведување на системски пристап во заштитата на вработените овозможува намалување на непредвидливите ситуации и спречување на инциденти.

Сепак, истражувањата покажуваат дека во многу организации безбедноста при работа често се сведе на формално спроведување на прописи или на присуство на технички мерки без доволна обука на персоналот. Тоа ја намалува ефикасноста на системот и создава ризик за поголеми последици во случај на незгода.

Пожарите се еден од најопасните и најнепредвидливите ризици на работното место. Тие можат да доведат до сериозни повреди, загуби на човечки животи, уништување на опрема и материјални штети. Пожарите често се резултат на човечки фактор, неисправна или недоволно одржувана опрема, како и недоволно усовршена организациска безбедносна култура.

Ефикасната заштита од пожар бара интегриран пристап кој комбинира технички системи, достапност на опрема, редовно одржување и обуки на вработените. Пожарната безбедност не може да се обезбеди само со инсталација на детектори и апарати, туку бара активна улога на сите вработени и свесност за нивните одговорности и постапки во случај на инцидент.

Во современите организации, важно е да се развие систематски пристап кон превенција, кој вклучува редовна проценка на ризик, инсталација на технички системи за дојава и гаснење, како и постојана едукација и практични вежби на вработените. Само

комбинацијата на овие елементи може да обезбеди вистинска подготвеност за справување со пожари.

Системите за дојава на пожар се основен елемент во превенцијата и контрола на пожари. Тие овозможуваат навремено откривање на пожарот и активирање на процедурите за евакуација и гаснење. Основните елементи на системот вклучуваат јавувачи (детектори), централа за дојава и различни видови сензори (за чад, топлина, пламен и рачни јавувачи).

Истражувањето покажува дека инсталацијата на системите за дојава е присутна во голем дел од организациите, но нивното редовно одржување и тестирање често е непостојано или формално. Ова создава ризик дека системот нема да функционира оптимално во критични ситуации. Практичните податоци од анкетниот прашалник покажаа дека дел од испитаниците не се сигурни дали нивниот работен простор има инсталиран систем за дојава, што укажува на слабости во информираноста и континуитетот на одржување.

Јасно е дека системите за дојава сами по себе не се доволни; нивната ефикасност зависи и од правилната интеграција со човечкиот фактор – обучени и свесни вработени кои знаат како да реагираат веднаш при активирање на алармот.

Системите за автоматско и рачно гаснење се клучен дел од заштитата на животите и материјалните добра. Автоматските системи (како спринклери, CO_2, FM-200) овозможуваат брзо и ефикасно гаснење на пожарот, додека портативните апарати и хидрантите обезбедуваат можност за интервенција во рана фаза.

Анализата на анкетниот прашалник покажува дека иако поголем дел од организациите располагаат со опрема, нејзината достапност и одржување не се униформни. Многу испитаници изјавиле дека опремата не е лесно достапна или јасно обележана, што директно влијае врз самодовербата и ефективноста на вработените при справување со пожари.

Одржувањето на опремата и редовното тестирање се критични за сигурноста – неисправната опрема може да биде еднакво опасна како и нејзиното отсуство. Овие наоди ја потврдуваат потребата од системски пристап каде што техничките мерки се во целосна хармонија со човечкиот фактор.

Проценката на ризик од пожар е темел на современите практики за безбедност при работа. Таа овозможува идентификација на потенцијални опасности, нивно рангирање и предложување на соодветни превентивни мерки. Различни методи се користат за проценка на ризик, вклучувајќи индикатори на ризик, матрици на ризик и алгоритамски методи, кои овозможуваат систематско и структурирано определување на ризикот.

Во текот на истражувањето, покрај теоретската анализа на методите за проценка на ризик, беше испитано и дали организациите спроведуваат формални проценки и дали вработените се запознаени со заклучоците. Резултатите покажуваат дека постои голем јаз помеѓу формалното спроведување на проценките и нивната практична едукација, што ја намалува ефикасноста на превентивните мерки.

Статистичките податоци за пожари во Република Северна Македонија и во европски рамки ја покажуваат зачестеноста на пожарите на работните места, како и нивните последици – повреди, материјални штети и, во најлоши случаи, човечки жртви. Овие податоци ја потврдуваат важноста на системскиот пристап и интеграцијата на техничките и човечките фактори за намалување на ризикот од пожари.

Анкетниот прашалник овозможи анализа на перцепцијата и подготвеноста на вработените. Трите подхипотези кои беа тестирани соодветно ја покриваат интеграцијата на техничките системи, пристапот и одржувањето на опремата, како и обуката и свесноста на вработените:

- **Подхипотеза 1:** Повисоко ниво на техничка подготвеност е поврзано со инсталацијата и редовното одржување на системите за дојава и автоматско гаснење.
- **Подхипотеза 2:** Лесниот пристап и јасната обележаност на портативните апарати и хидрантите ја зголемуваат самодовербата на вработените.
- **Подхипотеза 3:** Редовните обуки и практични вежби ја зголемуваат подготвеноста и свесноста за справување со пожари.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека главната хипотеза се потврдува делумно. Подготвеноста на работните места зависи од интегрирана примена на техничките системи, пристапноста и одржувањето на опремата, како и од обуката и свесноста на вработените. Сепак, постојат значајни слабости – дел од организациите

немаат целосно функционални системи, пристапот до опремата не е униформен, а информираноста за проценката на ризик е ограничена.

Заклучувајќи, се истакнува следново:

- Безбедноста при работа е комплексен процес кој бара интеграција на технички и човечки фактори.
- Пожарите претставуваат еден од најсериозните ризици и нивната превенција бара систематски пристап.
- Системите за дојава и автоматско гаснење се критични, но нивната ефикасност зависи од редовно одржување и интеграција со обуката на персоналот.
- Пристапноста и обележаноста на апаратите и хидрантите директно влијаат врз самодовербата на вработените.
- Обуките и практичните вежби се неопходни, но мора да бидат комбинирани со информирање за проценка на ризик.
- Интеграцијата на сите овие елементи создава високо ниво на подготвеност и ја намалува веројатноста за сериозни последици од пожари.

Овој труд дава конкретни препораки за подобрување на безбедноста при работа, со акцент на пожарната безбедност, и претставува значаен придонес кон развивање на поефикасни политики и практики во организациите, со цел заштита на животите и здравјето на вработените.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Alarm automatika d.o.o., *Uvod u projektiranje sustava za dojavu požara*, Rijeka, 2010.
2. Alpert, R. (1972). *Calculation of Response Time of Ceiling Mounted Fire Detectors*. Fire Technology, Vol. 8.
3. Aurel d.o.o., *Uvod u sustave dojave požara*, 2020., достапно на: https://www.aurel.hr/download/documents/read/projektiranje-vatrodojave [15.9.2021.]
4. AVENAR detector 4000, Bosch Sicherheitssysteme GmbH, 2019., достапно на: https://resources-boschsecurity-cdn.azureedge.net/public/documents/AVENAR_detector_4000_Operation_Manual_enUS_18228443019.pdf
5. Bukovski, Ž. S., *Zaštita od požara – Priručnik za osposobljavanje zaposlenih i pučanstva za provedbu preventivnih mjera zaštite od požara*, ZIRS Zavod za istraživanje i razvoj sigurnosti, Zagreb, 2019.
6. Vatrodojava kao mjera zaštite od požara, Z. Hulenić, *Sigurnost*, br. 40, sv. 2, 1998.
7. Vatrodojava.hr, *Kako funkcionira vatrodojava*, 2015., достапно на: http://vatrodojava.hr/strucni-clanci/sigurnost/kako-funkcionira-vatrodojava [15.9.2021.]
8. Evans, D. D., Stroup, D. W. (1985). *Methods to Calculate the Response Time of Heat and Smoke Detectors Installed Below Large Unobstructed Ceilings.* NBSIR, National Bureau of Standards, USA.
9. Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007 и измени).
10. Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/16).
11. International Association for the Study of Insurance Economics. (2007). *World Fire Statistics.* Geneva: The Geneva Association.
12. Ivančić, Z., Kirin, S., *Izvori požarne opasnosti*, Veleučilište u Karlovcu, Karlovac, 2010.
13. Jukić, P., Nemet, Z., Držaić, J., *Zaštita od požara – Priručnik za osposobljavanje*, Otvoreno sveučilište s.p.o., Zagreb, 1996.
14. Kamir d.o.o., *Vatrodojavni sustavi*, 2020., достапно на: https://kamir.hr/vatrodojavni-sustavi [15.9.2021.]

15. Kolnoa d.o.o., *Protupožarni ormar*, 2020., достапно на: https://sustavizastite.hr/protupozari-ormar/ [17.9.2021.]
16. Ministarstvo unutarnjih poslova RH, *Popis propisa iz područja zaštite od požara*, 2021., достапно на: https://mup.gov.hr/gradjani-281562/inspekcijski-poslovi-281564/zastita-od-pozara-681/popis-propisa-iz-podrucja-zastite-od-pozara/282145 [18.9.2021.]
17. Mowrer, F. (1990). *Lag Times Associated With Fire Detection and Suppression.* Fire Technology, August, p. 244.
18. MUP, *Pravilnik o sustavima za dojavu požara*, Zagreb, 1999., достапно на: https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/full/1999_06_56_1055.html [16.9.2021.]
19. Nobel Corporation d.o.o., *Što je ultraljubičasto zračenje*, 2020., достапно на: https://nobel.ba/proizvodi/nobel-filteri/tretman-vode-industriji/dezinfekcija-vode/uv-sistemi-951/?detect_country=hr [16.9.2021.]
20. O'Connor, D. J. et al. (2006). *Smoke Detector Performance for Level Ceilings With Deep Beams and Deep Beam Pocket Configurations.* The Fire Protection Research Foundation, April 2006.
21. Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на РМ" бр. 231/2020).
22. Правилник за заштита од пожари и експлозии („Службен весник" бр. 80/2011).
23. Pačelat, R., Zorić, Z., *Istraživanje uzroka požara*, ZIRS - Zavod za istraživanje i razvoj sigurnosti, Zagreb, 2003.
24. Prpić, E., *Projektiranje sustava za dojavu požara – Odabir i pozicioniranje javljača, proširenje funkcionalnosti, eksploatacijski aspekti.*, Bizovac, 2006.
25. PRO ALARM PROJEKT d.o.o., *Upravljačka ploča za dojavu požara*, 2016., достапно на: https://www.proalarm.hr/proizvod/fpa-1200-c-upravljacka-ploca-za-dojavu-pozara/ [17.9.2021.]
26. Redfearn, M., *Addressable Aspirating Smoke Detection for Data Centres*, Eurofyre Limited, Wickham, 2014., достапно на: https://eurofyre.co.uk/news/addressable-aspirating-smoke-detection-for-data-centres/ [14.9.2021.]
27. Schrack Technik d.o.o., *Ručni javljač požara PIT92-t*, 2020., достапно на: https://www.schrack.hr/trgovina/rucni-javljac-pozara-pit92-t-cr-rip-01.html [15.9.2021.]
28. Schifiliti, R. P. (1986). *Use of Fire Plume Theory in the Design and Analysis of Fire Detector and Sprinkler Response.* Worcester Polytechnic Institute.

29. Srb, N., *Elektroinženjerski priručnik*, Kigen, Zagreb, 2009.
30. Stabilni sistemi zaštite od požara – *Uvod*, TVI d.o.o., достапно на: http://www.tvi.rs/archive/file/Podaci%20za%20preuzimanje/Literatura/Milan%20predavanja/STABILNI%20SISTEMI%20-%20Uvod.pdf [15.01.2013.]
31. Šmejkal, Z., *Uređaji, oprema i sredstva za gašenja i zaštitu od požara*, SKTH/Kemija u industriji, Zagreb, 1991.
32. Filipović, M., *Projekt električnih instalacija vatrodojave*, GRID d.o.o., Zagreb, 2016., достапно на: http://adoro.adoro-vrata.hr/wp-content/uploads/1603_Adoro7P_vatrodojava_GLAVNI-PROJEKT.pdf [17.9.2021.]
33. FMC-420RW *Single Action Call Points LSN improved*, Bosch Sicherheitssysteme GmbH, 2021., достапно на: https://resources-boschsecurity-cdn.azureedge.net/public/documents/FMC_420RW_Data_sheet_enUS_80708945675.pdf [17.9.2021.]
34. FNM-420-A *Sounder Indoor*, Bosch Sicherheitssysteme GmbH, 2017., достапно на: https://resources-boschsecurity-cdn.azureedge.net/public/documents/FNM_420_A_RD_Data_sheet_enUS_1301335563.pdf [17.9.2021.]
35. FNM-420-B-RD *Sounder Outdoor, Red*, Bosch Sicherheitssysteme GmbH, 2017., достапно на: https://resources-boschsecurity-cdn.azureedge.net/public/documents/FNM_420_B_RD_Data_sheet_enUS_9007200557338891.pdf [17.9.2021.]
36. Heskestad, G., Delichatsios, M. (1977). *Environments of Fire Detectors - Phase I: Effect of Fire Size, Ceiling Height and Material*. NBS-GCR-77-86 & NBS-GCR-77-95, National Technical Information Service, Springfield, VA.
37. Hietaniemi, J., Mikkola, E. (2010). *Design Fires for Fire Safety Engineering*. VTT Working Papers, Technical Research Center of Finland.
38. Cincar, N., Mitrić, R., Novaković, B., Simović, A. (2008). *Neki aspekti primjene programa AutoCAD-a i Excel-a pri projektovanju električnih instalacija.* INFOTEH-JAHORINA, Vol. 7, Ref. D-14, стр. 364–367.
39. **CTIF – Center for Fire Statistics.** (2025). *World Fire Statistics Report No. 30.* International Association of Fire and Rescue Services. Преземено од: https://www.ctif.org
40. Šmejkal, Z., *Uređaji, oprema i sredstva za gašenja i zaštitu od požara*, SKTH/Kemija u industriji, Zagreb, 1991.

ПРИЛОЗИ

Анкетен прашалник

1. Дали на вашето работно место е инсталиран систем за дојава/алармирање при пожар (автоматски детектори/сензори и/или централна дојава)?
   - □ Да
   - □ Не
   - □ Не знам

2. Дали системот за дојава е редовно тестиран/одржуван (на пр. годишно / полугодишно)?
   - □ Да, редовно
   - □ Понекогаш
   - □ Никогаш
   - □ Не знам

3. Дали на вашето работно место имате системи за автоматско гаснење (на пр. спринклери, CO_2, FM-200, итн.)?
   - □ Да
   - □ Не
   - □ Не знам

4. Дали имате пристап (и/или видливост) до рачни апарати за гаснење (портативни апарати) и/или хидранти?
   - □ Да, лесно достапни и јасно обележани
   - □ Да, но не се лесно достапни/не се јасно обележани
   - □ Не

5. Дали системите за гаснење и опремата (апарати, хидранти) се редовно проверувани/одржувани?
   - □ Да, редовно (имам/имале извештај)
   - □ Понекогаш
   - □ Никогаш
   - □ Не знам

6. Дали вашата компанија/организација организирала формална обука за пожарна безбедност за вработените во последните 2 години?
   - □ Да — практична + теоретска вежба

- Да — само прачтична
- Да — само теоретска
- Не

7. Дали сте учествувале во практична вежба за евакуација или употреба на апарат за гаснење во последните 2 години?

   - Да, учествував/ме на практична вежба
   - Не, немав/ме практична вежба
   - Не знам /Не се сеќавам

8. Колку сте уверени дека (во случај на пожар) знаете каде е најблискиот апарат за гаснење и како да го употребите? (Скала 1–5)

   - Воопшто не сум сигурен/а;
   - Малку сум сигурен/а
   - Делумно сум сигурен/а
   - Прилично сум сигурен/а
   - Сум многу сигурен/а

9. Дали патеките за евакуација и излезите се јасно означени и без пречки (слободни за користење)?

   - Да, целосно јасно и слободно
   - Делумно (има знаци, но има пречки/недостатоци)
   - Не
   - Не знам

10. Дали вашиот работодавач спроведува формална проценка на ризик од пожар (писмен документ или извештај) и имате пристап до резултатите/заклучоците?

    - Да, постои и сум запознаен/а со заклучоците
    - Да, постои но не сум запознаен/а
    - Не
    - Не знам